Врз основа на член 20 и член 25 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија” бр.43/14, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18), член 2 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административна селекција, на испитите, проверка на веродостојност на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работните места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници („Службен весник на Република Македонија” бр.236/18) и Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Врховниот суд на Република Македонија, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места во Врховниот суд на Република Македонија и согласноста од Министерство за финансии бр.18-8899/2 од 22.09.2022 година

**ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**објавува**
**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 2/2022**
**за вработување на 2 (двајца) судски службеници на неопределено време**

**1. Категорија В, ниво В1**
**Судски советник – 1 (еден) извршител**

**Услови за вршење на работите**:
Најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен правен факултет и најмалку 3 години работно искуство во струката, по положен правосуден испит.
**Посебни работни компетенции**:
Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија(англиски, француски и германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени со актот на систематизација на работните места за соодветното работно место, согласно член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија” бр.198/18).

Неделно работно време 40 часа (понеделник-петок);
Дневно работно време 8 часа, од 07:30 часот до 15:30 часот
Паричен нето износ на плата: 28.639,00 денари

**2. Категорија Г, ниво Г1**
**Самостоен судски референт - сметководител - 1 (еден) извршител**

**Услови за вршење на работите**:
Најмалку више или средно економско образование и најмалку 3

-Уверение за завршено соодветно образование
-Доказ за работно искуство
-Уверение за државјанство
-Лекарско уверение за општата здравствена состојба
-Уверение или потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност
-Диплома, сертификат или уверение како доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Кандидатите делот за проверка на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски), ќе го полагаат преку одговарање на прашања од базата на прашања за полагање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија.

Пријавата покрај доказите, задолжително треба да содржи: име и презиме на кандидатот, живеалиште, односно престојувалиште на кандидатот, е-меил адреса или контакт телефон.

Рокот за поднесување на пријавите изнесува 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на огласот во дневните весници (несметајќи го денот на самото објавување).
Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Напомена: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата се

години работно искуство во струката.
**Посебни работни компетенции**:
Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија(англиски, француски и германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени со актот на систематизација на работните места за соодветното работно место, согласно член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија" бр.198/18).

Неделно работно време 40 часа (понеделник-петок);
Дневно работно време 8 часа, од 07:30 часот до 15:30 часот
Паричен нето износ на плата: 19.174,00 денари

Покрај наведените посебни услови, предвидени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Врховниот суд на Република Македонија и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Врховниот суд на Република Македонија, кандидатите за наведените работни места треба да ги исполнуваат и следниве општи услови кои се предвидени во член 21 став 1 од Законот за судска служба:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Заинтересираните кандидати, се должни да поднесат пополнета пријава за вработување на судски службеник (образец објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 236/18) со докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место на кое се пријавуваат во оригинал или копија заверена на нотар:
дисквалификува од натамошна постапка.

Напомена: Времето и датумот на одржувањето на административната селекција, испитот и интервјуто се објавуваат на веб страната на Врховен суд на Република Северна Македонија (www.vsrm.mk).

Ненавремените, нецелосно пополнети, неуредни и некомплетни пријави нема да се разгледуваат.

Пријавата со доказите, кандидатите се должни да ја достават непосредно во приемното одделение на Судот, во работно време или по пошта на адреса:

**ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**бул.Крсте Мисирков бр.8 Скопје**
**(со назнака за Јавен оглас број 2/22)**

Постапката за селекција и вработување ќе биде спроведена согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административна селекција, на испитите, проверка на веродостојност на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работните места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.236/18).

Кандидатите кои ќе ја поминат административната селекција полагаат писмен испит во просториите на Врховниот суд на Република Северна Македонија.
Базата на прашања за полагање на писмениот испит, потребната литература, како и пријавата за вработување на судски службеник достапна е на веб страната на Врховен суд на Република Северна Македонија (www.vsrm.mk).